**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

(за изработка на видео приказна)

14.11.2018

Почитувани,

Здружение Национален ромски центар од Куманово објавува „Барање за прибирање на понуди“ повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**

1.1. Набавувач на услуги Здружение „Национален ромски центар“ од Куманово, со седиште на ул. Доне Божинов бр. 11/5, Куманово.

1.2. Предмет на барањето: **Прибирање понуди за изработка на видео приказна.**

1.3.Здружение „Национален ромски центар“ (НРЦ) го спроведува проектот „Социјална инклузија на Роми“ и заради остварување на планираните проектни активности јавно го објавува ова барање до сите регистрирани правни субјекти во државата заради набавка на понуди од видео продукција.

1.4. Набавката на ова Барање е неделива. Изборот ќе се направи согласно најдобриот финансиски и интерес за квалитет на барателот.

**2. Понуда**

2.1. Понудувачот треба да достави понуда во која согласно потребите на набавувачот треба да содржи:

- Понуда за изработка на кратко видео со времетраење од 7-8 минути.
- Видеата ќе се изработуваат во перод од 01.12.2018 год. до 31.12.2018 год.
- Биографија на продукцијата со линкови до некои од претходно подготвените видеа како илустрација за работата на понудувачот.

* При подготовка на понудите понудувачот треба да го има во предвид фактот дека е можно снимањето да се реализира на територија на некој од таргетираните градови во проектот: Куманово, Прилеп, Кочани, Велес, Кичево и Штип.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

- Долговремено и потврдено искуство во областа
- Цена
- Квалитет на понудените услуги

Цената и искуството во областа носат најмногу по 45 бодови, додека квалитетот носи 10 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ќе добие најмногу поени.

Искуството во областа ќе се оценува на начин што ќе се анализираат доставените биографии на понудувачите.

Бодувањето на понудените цени се определува согласно проценетиот соодност на најниската и највисоката понуда.

**4. Облик и содржина на понудата:**

4.1 Понудата се изработува во писмен облик.
4.2 Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, телефонски број, е-маил, адреса за контакт како и лица за контакт.
4.3. Карактеристики на понудата.
4.4. Рок и начинот на испорака на услугите.
4.5 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари со ДДВ.
4.6.Рок и начин на плаќање.

**Ве молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (e-mail) на следните адреси curcinska@nationalromacentrum.org или лично да ги доставите во архивата на НРЦ на адреса на ул. Доне Божинов бр. 11/5 Куманово, во период од 15.11.2018 до 20.11.2018 година до 16 часот.**

Куманово 14.11.2018